# ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ

за
подготовка на анализа за родово базирано насилство во спортот

## 1. Позадина

Во 2024 година почна да се спроведува проектот „Фер игра: поддршка за родова еднаквост во спортските политики", во чија имплементација се вклучени Олимпискиот комитет на С. Македонија (ОКСМ) како координатор и МЦМС, Спорт Социал Солушнс и Параолимпсикиот комитет како партнери. Проектот е финансиран од Европската унија.

Главната цел на проектот е подобрување на родовата еднаквост во спорот преку сеопфатно застапување и трансформација на националните спортски политики. Поконкретно, со овој проект сакаме да го подобриме промовирањето и поттикнувањето на родовата еднаквост во спортот преку зголемување на свеста, борбата против дискриминацијата, и зајакнување на капацитетите на националните спортски институции за креирање и спроведување на родово одговорни политики. Целна група на проектот се жените во спортот, вклучително и жени со попреченост, девојки и жени кои се стремат да учествуваат во спортот и спортски институции и организации кои се стремат за родова еднаквост.

Имено, како резултат на недостатокот на сеопфатни политики усогласени со европските стандарди, македонската спортска заедница се соочува со предизвици поврзани со управувањето, инклузивноста и родовата еднаквост. Институционалните и секторските капацитети на национално ниво се ниски, што негативно влијае врз спроведувањето на инклузивни спортски политики од страна на националните спортски тела. Дополнително, машката доминација во македонскиот спорт резултира со родово слепи политики, ограничено женско учество и несоодветна заштита од родово базирано насилство. За таа цел, овој проект ќе создаде можности за подобрување на спортот во Северна Македонија со адресирање на критичните прашања поврзани со управувањето, инклузивноста и родовата еднаквост. Преку стратешки пристап кој опфаќа работилници, истражувања и градење на капацитетите, проектот има за цел да ги зајакне и да го подобри разбирањето за родовата застапеност во националните спортски федерации, спортистките и релевантните национални институции. Со зголемување на свеста, промовирање на инклузивноста и градењето на капацитетите на клучните засегнати страни, проектот предвидува создавање на инклузивна, родово сензитивна и безбедна спортска заедница.

## 2. Цел на задачата

Во Северна Македонија постојат ограничени информации за распространетоста на родовото базирано насилство во спортот. Оваа анализа има за цел да ја пополни празнината со истражување за природата и степенот на таквото насилство, опфаќајќи ги физичките и психолошките форми на насилство (вербално, невербално, физичко и сексуално вознемирување и злоупотреба и слично) и медиумското покривање на истото. Напоменувајќи дека овие форми меѓусебно не се исклучуваат, туку се преклопуваат.

Поконкретно, во рамки на ова истражување пожелно е консултантот/ката да ги опфати и анализира следните аспекти:

- позадина на проблемот и краток осврт на нормите (легислативата), политиките и стратегиите за детектирање и справување со родовото базирано насилство во спортот;

- реферирање на судски случаи кои се однесуваат на родово базирано насилство во спортот во Северна Македонија и/или во Европа;
- мапирање на моменталната ситуација во врска со родовото базирамо насилство во спортот на елитно и аматерско ниво со мапирање и собирање на примарни и секундарни податоци;
- откривање на системски фактори кои придонесуваат за родово базирано насилство во спортот;
- истражувањето може да ги покрие различните меѓучовечки односи во спортот, и тоа помеѓу: тренер-спортист, односот помеѓу спортистите и членовите на спортската околина (на пр. менаџери, службеници, лекари, физиотерапевти), односот спортист-спортист, и слично;
- ја истражи врската помеѓу говорот на омраза, дискриминацијата и родовото насилство, бележејќи ги националните и меѓународните инструменти за заштита и превенција;
- да се осфрне на потребата за градење на партнерства на повеќе нивоа, мапирајќи ги релевантните засегнати страни во различни сектори;
- детектирање на добри практики во борбата против родовото базирано насилство во спортските средини од регионот, Европската унија и пошироко.
- поврзување со трендовите од регионот и/или Европската унија во насока на утврдување на јазовите и можностите за подобрување и усогласување;
- заклучоци и препораки (на краток/среден/долг рок) со кои може да се подобри состојбата нормативно но и во пракса.
- итн.

Оваа листа не е сеисцрпна, консултантот/ката ќе може по свое видување да предложат и други аспекти кои се од важност за подготовка на оваа анализа.

## 3. Активности што треба да се спроведат

Должностите и одговорностите на консултантот/ката се следните:

- подготовка и доставување на методологија за спроведување на истражувањето кое ќе опфати обработка на примарни (спроведување на анкета и/или фокус групи и/или интервјуа) и секундарни податоци;
- подготовка на временска рамка за спроведување на истражувањето;
- подготовка и доставување на анкетен прашалник на македонски јазик;
- подготовка и доставување на концепт/структура на анализата;
- пишување на анализата согласно утврдените цели на анализата и добиените податоци;
- презентација на наодите од истражувањето на работилница/конференција организирана од страна на МЦМС или проектните партнери;
- извештај за завршената работа.

## 4. Испораки/резултати

До крајот на задачата, треба да се испорача подготвена анализа на македонски јазик.

## 5. Времетраење и временски распоред на задачата

За подготовка на оваа анализа предвидени се вкупно 15 работни дена. Работата на оваа задача треба да започне од 01.09.2025 година и да заврши до 10.12.2025 година (поднесување на прва нацрт верзија).[1]

[1] Роковите за испорака финално ќе се договорат со консултантот/ката.

## 6. Критериуми кои треба да ги исполнуваат консултантот/ката

- Да има завршено високо образование и стекната диплома од општествени или други сродни науки (пожелни се магистерски и/или докторски студии);
- Да има работено на подготовка и реализација на политики и анализи во полето на спортот и/или родовата еднаквост, родово базирано насилство, во последните 5 години;
- Да има вештини за обработка и анализа на податоци (примарни и секундарни извори);
- Да има најмалку 7 години професионално искуство во полето на недискриминација, човекови права, социјална инклузија и маргинализирани групи;
- Да има одлично познавање на англиски јазик и Microsoft office апликациите;
- Да поседува развиени комуникациски и презентациски вештини.

Поттикнуваме да се пријават **индивидуалци или тим од консултанти**. Консултантот/ката ќе комуницира со координаторот на проектот и ќе ги следи упатствата и забелешките на сите партнери.

## 7. Постапка за изразување на интерес

За изразување на интерес потребно е да се поднесат следните документи:

- Професионална биографија;
- Писмо за изразување на интерес, во кое е наведено финансиска понуда изразена во бруто сума по ден во евра;
- Драфт работен план за реализација на задачата (драфт методологија, драфт структура на истражувањето и драфт временска рамка).

Договор за работа може да се склучи со физичко или правно лице.

Рокот за пријавување и поднесување на документите е до **31 јули 2025 г.** на следната електронска адреса asv@mcms.mk. Доколку имате прашања во врска со повикот испратете ги на истата електронска адреса.